


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО 20

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## ДЕКЕМВРИ 2024

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Глобалната економија покажува големи разлики меѓу регионите. САД бележи силен раст благодарение на зголемената потрошувачка и стабилниот пазар на труд, но неповолно за инфлацијата која останува висока и чиј дополнителен притисок би биле најавените протекционистички политики на Трамп. Во исто време, Европа и Кина се соочуваат со слаба економска активност и структурни проблеми, при што стимулативните мерки во Кина и намалената инфлација во Европа носат само ограничено олеснување. Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на декември забележа пад од 2,45%, завршувајќи ја годината со принос од 15,73%. Пад бележат и сите регионални индекси од приказот, од кои најголем пад има S&P 500 индексот кој ги претставува американските компании, со намалување од 2,50%. Сепак, индексите ги задржаа позитивните приноси на годишно ниво. Со најголем пораст од 23,31% се издвојува S&P 500 индексот, додека со најнизок принос од 5,05% беа акциите од брзорастечките економии прикажани преку MSCI Emerging Market индексот.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*



Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 имаше исклучително силна година. Со растот од 11,98% во последниот месец од годината, приносот за целата 2024 година достигна високи 66,78%. Од компаниите кои се дел од структурата, најголем принос оствариja акциите на Стопанска банка АД Скопје кој изнесува значителни 41,59% само во декември и 125,64% на годишно ниво. Од друга страна, во изминатиов месец Уни банка и Македонски Телеком остварија пад од 0,10% и 0,01%, соодветно. Исто така, акциите на Македонски Телеком имаат и најнизок раст за годината, кој изнесува 4,22%.




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Обврзничките приноси во текот на декември оствариja пораст како последица од зголемените инфлациони притисоци, особено во САД поради што беа ревидирани проекциите за намалување на каматните стапки во 2025 година од четири на две, но фактор се и геополитичките тензии кои продолжуваат да бидат товар на економијата. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница кој изнесува 4,90%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,33%



**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028.**




*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, најголем пораст во однос на еврото (EUR) овој декември забележа американскиот долар (USD) со 2,16% и најголем пораст на годишно ниво за 6,62%. Веднаш по него, во текот на 2024 година, британската фунта (GBP) и кинескиот јуан (CNY) исто така забележаа пораст од 4,77% и 3,87%, соодветно. Од друга страна, најголемо намалување на вредноста имаше руската рубља (RUB) кое изнесуваше 4,49%, достигнувајќи пад од 16,67% на годишно ниво. Пад во текот на месецот остварија и австралискиот долар (AUD), јапонскиот јен (JPY) и швајцарскиот франк (CHF), кои исто така бележат негативно движење во однос на еврото, овие дванаесет месеци.

## Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




● Декември
● Јан - Дек

*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Лектор: Каролина Накова

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk